Врз основа на член 217, а согласно членовите 205,206, 208 и 210 став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08,161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13 и 170/13), член 3 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Пречистен текст - „Службен весник на Република Македонија" бр. 150/12) и член 8 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.11/12), Синдикатот на работниците од финансиските организации на Македонија – СФОМ, Здружението на работодавачи од финасиската дејност и дејностите од осигурување на Организацијата на работодавачи на Македонија и Организацијата на работодавачи на Македонија, на ден 18.12.2013 година склучија

# С П О Г О Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ДРУШТВАТА ОД ДРУГО МОНЕТАРНО ПОСРЕДУВАЊЕ И ДЕЈНОСТА НА ПОСРЕДУВАЊЕ ВО РАБОТЕЊЕТО ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И СТОКОВИ ДОГОВОРИ

### Член 1

Со оваа спогодба страните потписнички постигнаа согласност за изменување и дополнување на Колективниот договор на друштвата од друго монетарно посредување и дејноста на посредување во работењето во хартии од вредност и стокови договори („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/11).

### Член 2

Во Колективниот договор на друштвата од друго монетарно посредување и дејноста на посредување во работењето во хартии од вредност и стокови договори членот 35 се менува и гласи:

„Платата на работникот за работа со полно работно време и нормален учинок, утврдена врз основа на сложеноста на работните задачи не може да биде пониска од пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност согласно овој колективен договор".

### Член 3

Во членот 36 во ставот (1) зборовите "минималната плата" се заменуваат со зборовите "пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност ".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност на работниците вработени со полно работно време и нормален учинок во организациите потписнички на овој колективен договор се утврдува во нето износ од 12.200,00 денари.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"Со колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди повисока пресметковна вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност од утврдената во ставот (2) од овој член.“

**Член 4**

Членот 37 се менува и гласи:

“ Пресметковната вредност за одделни степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на работникот се утврдува така што износот на пресметковната вредност за најнизок степен на сложеност за одредено работно место се множи со соодветниот коефициент за одделен степен на сложеност предвиден за работното место на кое работникот работи.

Пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност ја утврдуваат и објавуваат потписниците на колективниот договор најмалку еднаш годишно, надоцна до 31 Декември, за наредната година.”

**Член 5**

Оваа спогодба влегува во сила со денот на потпишувањето и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА -**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА РАБОТОДАВАЧИ ОД ФИНАНСИСКАТА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОСИГУРУВАЊЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НИКОЛИНА МИЛАНОВА**

**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ФИНАНСИСИКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**СВЕТЛАНА ПЕТРОВИЌ**

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**АНГЕЛ ДИМИТРОВ**

18 Декември 2013
Скопје